ПРАВИЛА ЗА ПРОМОЦИЈАТА "#ISTYLEfamily"

1. Организатор, место на одржување и траење на промоцијата.

Организатор на промоцијата е АЈ СТАИЛ ДОО Штип со седиште во Штип, и поддружница во Скопје (Skopje City Mall), ул. Љубљанска бр.4, МБ 6808573 (во понатамошниот текст организатор).

Промоцијата ќе се одвива преку интернет, на веб страната на организаторот, www.istyle.mk, која е управувана од организаторот, а се промовира преку Facebook страницата „iSTYLE Makedonija“ со адреса https://www.facebook.com/ISTYLE.MK и Instagram страницата „iSTYLE Makedonija“ со адреса https://www.instagram.com/istylemacedonia/, како и во малопродажниот салон на iSTYLE, кој можете да го пронајдете тука https://istyle.mk/locations.

Учесниците во промоцијата се обрзуваат да ги почитуваат условите од овој правилник (во понатамошниот текст "правилник"). Со учество во оваа промоција, учесниците изјавуваат дека ги имаат прочитано сите одредби и услови на овој правилник кои ги разбираат и прифаќаат како такви. Организаторот го задржува правото за измена на правилникот за време на промоцијата, со претходна најава.

Измената на правилникот ќе биде објавена во форма на дополнителни документи кои ќе содржат модификации или допуни на web страницата www.istyle.mk, како и во погоре наведениот текст, наведено седиште на организаторот. Ниту една промена неможе да предизвика ретроактивни ефекти; сите учесници кои се регистрирале до моментот на промената, ќе ги користат веќе стекнатите права.

Промоцијата се одвива во една фаза, во период од 15 февруари 2021 заклучно со 8 март 2021.

1. фаза: 15 февруари 2021 - 8. март 2021;

2. Механизам за промоцијата

Прво правило: Секој кој ќе се пријави на **iSTYLE newsletter**. Второ правило: Секој кој го следи Instagram профилот на **istylemacedonia**. Трето правило: Секој кој го следи Instagram профилот **barnerbrand_mk** во периодот на траење на промоцијата може да биде извлечен и освои една награда. Извлекувањето се врши по основ на првото правило. Сите кои сакаат да учествуваат во промоцијата се повикуваат да ја посетата страницата: https://istyle.mk/istyle-family и да ги следат назначените чекори.

Победникот ќе биде извлечен преку web страницата www.random.org и деталите ќе бидат објавени на крај од секоја фаза, како следи:

Прва фаза: извлекување и прогласување на победникот 10 март 2021

Поединците кои ќе пројдат преку целокупниот процес на регистрација не се сметаат за регистрирани на iSTYLE newsletter, сè додека не добијат потврдна електронска пошта за пријава и довршување на процесот за пријава комуницирана со е-пошта за пријава.

3. Право за учество во промоцијата

Во оваа промоција може да учествува било кое физичко лице, со најмала старосна граница од 18 години на денот на започнување на промоцијата (15 февруари 2021.), со живеалиште во Република Северна Македонија, а притоа ги има исполнето сите правила и услови наведени во овој правилник.

3.1 Наведените физички лица во понатамошниот текст ќе се именуваат како "учесници".

3.2 Вработените кај организаторот, останатите правни лица вклучени во развојот на промоцијата, како и членови од фамилијата до 2 степен на горе споменатите, немаат право да учествуваат во промоцијата.

4. Доделување на наградите и начин на избирање на победникот:

Еден од учесниците ќе добие една награда со извлекување во оваа промоција.

Извлекувањето ќе се одвива случајно, по електронски пат и ќе се одвива во присуство на организаторот.

При извлекувањето ќе бидат извлечени 3 учесници, по принцип: - Прво извлекување – победник на фаза; - Дополнителни извлекувања - 2 (две) резервирани места во случај првиот извлечен добитник да одбије или не е во можност да ја прими наградата од било која причина која е подолу наведена.

Во моментот на добивање на наградата, победниците мора да бидат идентификувани, така што Организаторот може да го потврди нивниот идентитет и да ја претстави наградата. Победниците немаат можност или право да ги променат карактеристиките на наградите. Наградите не можат да се разменуваат за други производи и / или услуги, ниту пак може да се разменуваат за готовина. Ако, од која било причина, независно од Организаторот, Победникот не ја прифати наградата во рок од две недели (14 дена), се смета дека тој неотповикливо се откажал од истото, а последователно не може да се повика на некое право во овој поглед.

Секое барање во врска со промоцијата направена по завршувањето на промоцијата нема да биде разгледано, освен за обврски како што се давање гаранција за понудените производи како награда. По предавањето на наградата на победникот, Организаторот е ослободен од секоја обврска што произлегува од регулативата во врска со нивното доделување.

5. Надоместоци и данок

1) Организаторот се обврзува да го пресмета и уплати данокот од износот на наградата на добитници согласно законот за данок на приход.

2) Сите останати обврски фискални или од било која друга природа во врска со наградата се исклучуваат од одговорност на добитникот.

6. Известување за победникот

Добитникот ќе биде известен и контактиран преку е-пошта, во рок од два работни дена од објавата на страницата www.istyle.mk, Facebook и Instagram страниците на организаторот, со цел да биде повикан да ја преземе својата награда, лично.

Победникот нема право на награда доколку:

- не одговори на известувањето испратено преку е-пошта во рок од 5 работни дена од испраќањето, ниту пак го има контактирано организаторот на било кој друг начин;

- постојат докази дека намерно влијаел на наградата;

- доколку се утврди дека дал не вистините или неточни податоци;

- ги крши условите и одредбите на учество; Во тој случај наградата ќе се додели на другиот учесник.

7. Преземање на наградата

Наградата ќе се преземе во малопродажниот објект на организаторот.

Победникот, известен преку е-пошта, мора да се појави во нашиот малопродажен објект за да ја преземе наградата, во рок од две недели од денот кога ќе биде известен, каде ќе мора да го потврди својот идентитет. Во спротивно ќе го изгуби правото на награда.

8. Одговорност на организаторот

Организаторот се обврзува да го следи точно наведените чекори наведени во правилникот. Во случај на промена, обврзан е настанатите измени да ги објави на погоре наведените страници за комуникација.

Организаторот не презема никаква одговорност во следните ситуации:

- доколку учесникот има дадено невистинити, неточни или непотполни податоци.

- Пречки во спроведувањето на промоцијата предизвикана од дејствувањето на трети страни, како што се: дистрибутерите на

електрична енергија, веб-операторите, операторите за телекомуникациска мрежа или слични.

- учесникот ги крши Условите и правилата или важечките закони.

Организаторот има право да ги преземе сите неопходни мерки во случај на обид за измама, промоција, злоупотреба или друг обид што може да влијае на имиџот на промоцијата и / или да предизвика материјална штета на Организаторот.

Во случај на спор околу потврда на наградата и / или наградата, решението на Организаторот е конечно. Сите поплаки поврзани со спроведувањето на оваа промоција ќе бидат разгледани доколку ги прими Организаторот заклучно со 8 март 2021 година. Жалбите можат да се испраќаат само по пошта на адресата на Организаторот.

Организаторот не презема никаква одговорност доколку

a) лица кои сакаат да учествуваат во промоцијата надвор од датумите наведени како времетраење на промоцијата;

b) приговори во врска со освоената награда;

c) ситуации во кои одредени лица вклучени во промоцијата не можат делумно или целосно да учествуваат, доколку оваа невозможност е последица на околности кои не се под контрола на Организаторот и на кои тој не може да влијае;

d) технички недостатоци на интернет операторите, доколку е применливо;

e) неможноста на победникот да дојде по својата наградата или да ја искористи од причини кои не се под контрола на Организаторот

9. Доверливост на податоците / Обработка на лични податоци:

Организаторот има строга политика за заштита на личните податоци во согласност со принципите на обработка пропишани со Законот за заштита на личните податоци.

За повеќе информации за изјавата за приватност посетете ја нашата страница https://istyle.mk/izjava-za-privatnost/

Организаторот е контролор на вашите лични податоци според важечкиот закон што се применува на територијата на Република С.Македонија и во тој

капацитет ја одредува целта и начинот на обработка на вашите лични податоци и е одговорен за законска обработка на вашите лични податоци како примател.

10. Пријава во базата на податоци

Организаторот на својата веб страна на корисниците им нуди можност за претплата на е-пошта (во понатамошниот текст newsletter).

Организаторот редовно ги известува своите клиенти и бизнис партнери преку newsletter-от за различни понуди.

Корисниците можат да примат Newsletter само ако:

(1) Примачот на податоци има важечка е-маил адреса и

(2) Ако примачот на информации се регистрира за добивање на newsletter.

Е-маил адресата за потврда ќе биде испратена на е-маил адресата која ги прима информациите за прво регистрирање, така што newletter-от, од правна основа е испратен по двојно пријавување/потврдување. Оваа потврдна е-порака се користи за да се докаже дека сопственикот на е-маил адресата е известен за добивање на newsletter.

По пријавувањето за newsletter Организаторот ја чува IP адресата од компјутерскиот систем доделен од давателот на услуги на Интернет (ISP) на примателот и го користи од примачот на податоците за време на регистрацијата, како и датумот и времето на регистрација.

Прибирањето на овие податоци е потребно со цел во иднина да се пратат несоодветни употреби на е-маил адресите или таргетирање на личности од било која причина, со цел правно да се заштитат.

Собраните лични податоци како дел од регистрацијата се само за испраќање на newsletter. Покрај тоа, они кои се претплатени ќе бидат известувани по е-маил, се додека е тоа потребно за наведената регистрација.

Личните податоци нема да бидат споделени со трети страни. Пријавата може во било кој момент да се откаже. Согласноста за чување на лични податоци, која е дадена на личноста која ги добива известувањата, може да се откаже во било кој момент.

Повеќе детали може да погледнете на нашата веб страна: - https://istyle.mk/izjava-za-privatnost/

Податоците преземени од физички лица со цел испраќање на newsletter и/или известувања Организаторот може да ги користи во граница на Политиката за приватност и со претходна дозвола од физичкото лице/примателот.

Откажување од добивањето на newsletter и/или известувањата можете да побарате во било кој момент на следниот начин:

- Со користење на посебен наменет линк за одјава, кој се наоѓа во самата содржина на секој примен Newsletter;

- Со помош на опцијата достапна за клиентите за промена на прифаќањето или примање и/или известувања

Откажување од добивањето и/или известувањето се подразбира откажување од прифаќањето кое воглавном се однесува за одредбите од овој документ. Организаторот во newsletter-от нема да вклучи известувања за членовите или купувачите, било кој друг рекламен материјал во однос на содржина што се однесува за било која трета страна, која не е партнер на организаторот во моментот на испраќање.

10. Спорови

Сите спорови помеѓу Организаторот и учесниците ќе се решаваат по мирен пат. Доколку тоа не е возможно страните ќе се обратат на надлежниот Суд во општината каде е регистриран Организаторот.

11. Виша сила

За потребите на овој правилник, виша сила значи секој настан што Организаторот не може да го предвиди, контролира или отстрани, вклучително и невозможностите што не се под контрола на Организаторот и чие појавување го оневозможува исполнувањето на своите обврски.

12. Завршни одредби

Одлуката на организаторот во било кој поглед е конечна и се однесува на сите учесници. Со учествување во промоцијата учесниците се согласни да се придржуваат на правилата и другите услови утврдени во Правилникот на промоција. Доколку организаторот утврди дека добитникот ги нема исполнето сите услови според правилата на промоција, го задржува правото да во било кој момент да ги суспендира правата и користите на победникот, без понатамошни барања или доплати.

Организаторот го задржува правото за промена на промоцијата во склад со овој Правилник во текот на промоцијата, со претходно известување на учесниците на промоцијата. Организаторот го задржува правото да понуди повеќе награди од оние предвидени со Правилникот, а награди кои не се доделени остануваат во сопственост на Организаторот, кој може да располага со нив на било кој начин кој ќе го оцени како прикладен за неговите потреби и интереси.

Организаторот има право да ги преземе сите потребни мерки доколку постои обид да се измами системот, да се злоупотреби или било кој друг обид кој може да влијае на сликата или трошоците на оваа промоција. Со

учество во оваа промоција учесниците се сложуваат дека ќе ги почитуваат и следат условите од овој Правилник.

Организатор АЈ СТАИЛ ДОО.